Врз основа на член 24 став (5) од Законот за данокот на личен доход („Службен весник на Република Македонија” бр. 241/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија” бр. 275/19, 290/20 и 85/21), министерот за финансии донесе

# ПРАВИЛНИК
# ЗА ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА БАРАЊЕТО НА СОГЛАСНОСТ ЗА ПРИЗНАВАЊЕ НА РАСХОД ОД РАБОТЕЊЕТО НА ОБВРЗНИКОТ ВО ДАНОЧЕН БИЛАНС

## Член 1

Со овој правилник се пропишува формата и содржината на барањето на согласност за признавање на расход од работењето на обврзникот во даночен биланс.

## Член 2

Барањето на согласност за признавање на расход од работењето на обврзникот во даночен биланс се поднесува на образец „ДЛД-БС“ отпечатен на хартија во бела боја во А-4 формат.

Формата и содржината на образецот на барањето од ставот 1 на овој член се дадени во Прилог кој е составен дел на овој правилник.

## Член 3

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 20- 8894/1
22 декември 2021 година
Скопје

Министер за финансии
Dr. Fatmir Besimi